Врз основа на чл.17 став 7 од Закон за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на Република Македонија бр.27/2014,199/2014,27/2016,35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.143 /19,14/2020),член 50 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 7 од Статутот на општина Босилово („Службен гласник на општина Босилово бр.21/14) Градоначалникот на општина Босилово донесе:

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинска администрација на општина Босилово**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работни места на општинска администрација Босилово бр.03-172/1 од 26.01.2017 година,Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинска администарција бр.03-794/1 од 20.03.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинска администарција бр.04-907/1 од 30.05.2019 година,Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Босилово бр.04-13/1 од 08.01.2020 година и Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Босилово бр.04-1807/1 од 13.08.2020 година.

**Член 2**

Во Глава IV.Табеларен приказ на работните места во општина Босилово во точка III.Одделение за финансиски прашања ,во работното место со реден број 14,назив на работно место-"Советник одговорен сметководител"со шифра УПР0101В01000 делот вид на образование по зборовите "Економски науки"се додаваат **"Економски науки или Организациони науки и управување(менаџмент) ".**

**Член 3**

Во Глава IV.Табеларен приказ на работните места во општина Босилово, во точка III.Одделение за финансиски прашања, работното место со реден број 15, назив на работно место"Советник за буџетска контрола и сметководство " со шифра УПР0101В01000, СЕ БРИШЕ.

**Член 4**

Во Глава IV.Табеларен приказ на работните места во општина Босилово во точка III.Одделение за финансиски прашања ,работното место со реден број 18,назив на работното место "Соработник за администрирање на приходи"со шифра УПР0101В03000 делот Број на извршители се менува од " 1" на "2".

**Член 5**

Во Глава IV.Табеларен приказ на работните места во општина Босилово во точка V.Одделение за внатрешна ревизија ,во работното место со реден број 29,назив на работно место-"Помлад соработник-Ревизор на обука"со шифра УПР0101В04000 делот вид на образование по зборовите "Економски или правни науки" се додаваат **"Економски науки,Организациони науки и управување(менаџмент) или Правни науки".**

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Арх.бр. 03-1058/1**
**04.06 2021 година**
**ОПШТИНА БОСИЛОВО**

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**ЗОРАН ЗИМБАКОВ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * Босилово * ОПШТИНА БОСИЛОВО